Архивски број: 05-28/2

Датум: 27.04.2026

**Објавено на веб-страната на Центарот за менаџирање на знаење и вештини К&С Скопје, https://ks.org.mk/ на 28.04.2026 година.**

Повик за доставување на понуди за организација на настани за потребите на проектот Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија“ (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE).

1. Цел на повикот

Проектот ќе развие одржлива платформа за кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија со што би се зголемил бројот на проектни апликации во LIFE програмата на Европската комисија.

Проектот се реализира во програмата LIFE-2024-TA CAP-LIFE „Проекти за техничка помош за градење капацитети на Европската извршна агенција за клима, инфраструктура и животна средина“.

Понудувачот треба да организира девет настани за потребите на проектот Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија“ (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE).

.

2. Цел на проектот

Проектот „Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија“ (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE) има за цел да го зајакне ефективното учество на националните корисници во програмата LIFE. Ова ќе се постигне преку целни мерки за градење на капацитети за националните контакт точки, овозможувајќи им поефикасно да се ангажираат и да ги поддржуваат (потенцијалните) апликанти во подготовката и поднесувањето на предлози за проекти. Клучна компонента на оваа иницијатива е развојот на одржлива и сеопфатна дигитална платформа, LIFEMKeHUB, дизајнирана да обезбеди професионална, поедноставена поддршка за пристап и користење на средствата од LIFE. Општата цел е да се зголеми учеството во повиците за предлози и да се подобри целокупниот квалитет на поднесените апликации..

3. Спроведување на активностите и очекувани резултати

Со понудувачот ќе се склучи договор за организација на девет настани за потребите на проектот Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија“ (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE), согласно динамиката на проектните активности. Испораката на договорените услуги ќе се одвива согласно утврдената спецификација за потребните услуги, како и според динамиката на проектните активности. Од понудувачот се очекува испораката на услугата за организација на настаните за потребите на проектот Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија“ (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE) да се реализира од месец јуни 2026 година до ноември 2028 година.

4. Начин на пријавување и избор

Заинтересираните кандидати треба да ги доставаат своите понуди во архивата на Центарот за менаџирање на знаење и вештини К&С Скопје, на адреса

Центар К&С Скопје
ул. Даме Груев 14а,
1000 Скопје,
Македонија,

во затворен плик, со назнака „НЕ ОТВОРАЈ".

Дополнителни прашања заинтересираните понудувачи можат да доставаат до 05.05.2026 година, на е-адреса: ks@ks.org.mk со назнака: Повик за понуди за организација на настани за потребите на проектот Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија" (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE), или на телефон на Центар К&С Скопје +38971397780, лице за контакт: Лихнида Стојановска Георгиевска, генерален секретар на Центарот за менаџирање на знаење и вештини К&С Скопје.

Рокот за поднесување на понудите за организација на настани за потребите на проектот Кохерентни активности за градење на национални капацитети за програмата LIFE во Северна Македонија" (LIFE25-CAP-MK-eHUB4LIFE) е до 06.05.2026 година (среда), до 12:00 часот.

Скопје, 27.04. 2026 година

Претседател,
Проф. д-р Христина Спасевска